МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

Број: 11-2301/4
Датум: 16.12.2021
Скопје

Врз основа на член 35, став 1,2,3,4,5,6,7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт Ј03, Блок 01, Општина Карпош, Скопје.

Јавната анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт Ј03, Блок 01, Општина Карпош, Скопје, ќе се одржи од 23.12.2021 до 28.01.2022, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош, Скопје.

Јавната презентација по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт Ј03, Блок 01, Општина Карпош, Скопје, ќе се одржи на 13.01.2022 година, во 14.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Границата на планскиот опфат на блокот Ј03.01 е оформена по осовина на улична мрежа и тоа од северна страна со транзитна магистрала Бул.„Македонија", на исток со Новопланирана сервисна улица „С11", на запад со собирна улица „Пат Горно Нерези" и на југ со сервисна улица „С1 – ул. Козле".

Површината на блокот во регулационите линии дефинирани со регулацискиот план за четврт изнесува 1,36ха. Површината во границите на планскиот опфат изнесува 2,06ха.

Анкетните листови за учество на Јавната анкета ќе бидат во просториите на Општина Карпош.

Соопштението за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт Ј03, Блок 01, Општина Карпош, Скопје., со подетални информации за истиот ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски